**National Scientific Project with international participation**

# Cultural Heritage, Tourism and Sustainable Development Goals

Националниот научен проект со меѓународно учество е координаиран од Институтот за културно наследство и археологија, во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Националната институција Завод за заштита на споменици на културата и Музеј – Охрид, а во различни фази биле вклучени и Стопанската Комора, Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Кал Поли Хумболдт Универзитетот од Калифорнија, преку раководителот на Македонско-американската археолошка теренска група, Глобалниот совет за толеранција и мир од Малта, преку претставникот за Југоисточна Европа, Охридската академија на хуманизмот и други. Раководител на проектот е проф. д-р Љубен Тевдовски од Универзитетот Гоце Делчев - Штип.




Помеѓу националните и меѓународните научни и стручни конфесенции кои произлегоа од проектните активности се и:

Во периодот **18-19 Септември 2024** година по повод европските денови на културното наследство и 70 годишнината од прифаќањето на Европската културна конвенција, Институтот за културно наследство и археологија организираше Меѓународна конференција **„Македонското наследство на вмреженост и поврзаност"** во Музејот на македонската борба во Скопје и Завод и Музеј Охрид. Конференцијата беше под претседателство на Проф. Љубен Тевдовски и Академик Мигуел Џон Вершлаус, а отворена од министерот за култура Зоран Љутков. Партнери на конференцијата беа Управата за заштита на културно наследство и Универзитетот Скопје.




На **9 Август 2024** Институтот за културно наследство и археологија и Охридската академија на хуманизмот беа коорганизатори на Меѓународната конференција **„Охридската школа на хуманизмот од средниот век до денес во Европа и Светот"**




Во периодот **11-12 Април 2024** г. Институтот за културно наследство и археологија на организираше меѓународна научна конференција „Културното наследство и туризмот – меѓународните стандарди и локалниот развој“. Меѓународната научна конференција беше организирана во соработка со Општина Охрид, Факултетот за туризам и угостителство – Охрид и Стопанската комора.

На **20 март 2024** г. Институтот за културно наследство и археологија на организираше Националната научна конференција **„Културното наследство – помеѓу туризмот и идентитетот“**. Научната конференција се организираше на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, а партнери на конференцијата беа Општина Штип, Стопанската комора и Факултетот за туризам и бизнис логистика, на УГД.



Во перидот мај 2023 – февруари 2024 Институтот за археологија и културно наследство во соработка со Глобалниот совет за толеранција и мир, работеше на проектот Медитерански дијалог на културите, кој започна со меѓународната конференција **“Building Tolerance and Peace Despite Current Challenges: MENA and Europe”** одржана во Парламентот на Малта, под претседателство на претседателот на Малта, и заврши со меѓународната Конференција за меѓукултурен и меѓурелигиски дијалог **„Мирот и заедништвото - патот пред нас“,** на правниот факултет „Јустинијан I“ во Скопје, под сопретседателство на проф. Љубен Тевдовски и проф. д-р Зоран Илиевски, како и со пленарно предавање на проф. д-р Гордана Силјановска-Дафкова.

